РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП 1 бр. 14-1104
29-09-2016 година
СКОПЈЕ

Universiteti i EJL ne Tetovë - Republika e Maqedonisë
ЈИЕ Универзитет во Тетово - Република Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar / Примено / Received | 10.11.2017 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Nj.org. / Орг.Един. / Org.unit | Numer / Број / No. | Shtojcë / Прилог / Attachment | Vlëra / Вредност / Value |
| 03 | 3237 | 3 | |


Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15 и 30/16), министерството за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишностручни студии по Политички науки и втор циклус двегодишни студии по Политички науки на Факултетот за јавна администрација и политички науки при Универзитетот на Југоисточна Европа - Тетово

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишностручни студии по Политички науки и втор циклус двегодишни студии по Политички науки на Факултетот за јавна администрација и политички науки при Универзитетот на Југоисточна Европа - Тетово.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По добиените, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, Решение бр. 14-219/2 од 17.05.2016 година за акредитација на студиската програма од втор циклус едногодишностручни студии по Политички науки и Решение бр. 14-218/2 од 25. 04. 2016 година за акредитација на студиската програма од втор циклус двегодишни студии по Политички науки на Факултетот за јавна администрација и политички науки при Универзитетот на Југоисточна Европа - Тетово, Универзитетот се обрати со барање бр. 03-1380/1 од 19.05.2016 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП 1 бр. 14-1104 од 23.05.2016 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишностручни студии по Политички науки и втор циклус двегодишни студии по Политички науки на Факултетот за јавна администрација и политички науки.

Министерот за образование и наука, со Решение УП 1 бр. 14-1104 од 30.05.2016 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 06.07.2016 година, изврши увид и изготви Извештај УП 1 бр. 14-1104 од 07.07.2016 година, каде е наведено дека за студиската програма од втор циклус едногодишностручни студии по Политички науки и втор циклус двегодишни студии по Политички науки на Факултетот за јавна администрација и политички науки, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение

МИНИСТЕР,
Pishtar Lutfiu

Д-но до:
- Именуваниот/та
-Архива

изработил: Биљана Зафировска
контролирал: Борчо Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити